ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN SCHOOL SPORT FEDERATION

ЖИРО С-КА 300000000620157, ЕДБ 4030997161050, КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ
Градски парк бб. Кошаркарска сала Работнички, П.Фах. 5, 1000 Скопје, тел./факс +389 (0) 2 31 16 824
Web page: http://www.fusmak.org.mk E- mail: contact@fusmak.org.mk

Бр. 03 - 35
Дата: 24.09.2025 год.

До
_____

Предмет: Известување за Државно првенство во ПЛИВАЊЕ за Основни и Средни училишта

Федерација на училишен спорт на Македонија Ве известува дека во соработка со Општинскиот сојуз на училишен спорт – Куманови, ќе одржи Државното првенство во **ПЛИВАЊЕ за ОСНОВНИ и СРЕДНИ училишта во машка и женска конкуренција за учебната 2025/26 година.**

Организатор: Федерација на училишен спорт на Македонија.
Технички организатор: Општински сојуз на училишен спорт – Куманово
Датум на одржување: **8-ми Октомври 2025 година (среда)**
Место на одржување: Куманово: Затворен градски базен Куманово
Базен: 25 метри со 8 стази и температура на вода 24-26 степени.
Рачно мерење на време.

ВОЗРАСНИ КАТЕГОРИИ :

I. Петто одделение и помлади -машки и женски
II. Шесто и седмо одделение-машки и женски
III. Осмо и деветто одделение-машки и женски
IV. Прва и втора година средни училишта - машки и женски
V. Трета и четврта година средни училишта - машки и женски

ДИСЦИПЛИНИ:

Основни училишта:	**Средни училишта:**
50 м. Слободно - (М/Ж)	100 м. Слободно - (М/Ж)
50 м. Градно - (М/Ж)	100 м. Градно - (М/Ж)
50 м. Грбно - (М/Ж)	100 м. Грбно - (М/Ж)
50 м. Делфин - (М/Ж)	100 м. Делфин - (М/Ж)

Натпреварувачите имаат право да учествуваат најмногу во 2 дисциплини.

ПРАВО НА УЧЕСТВО:

Редовни или вонредни запишани ученици во учебната 2025/26 **РОДЕНИ 2010 И ПОМЛАДИ ЗА ОСНОВНИТЕ И 2006 ГОДИНА И ПОМЛАДИ ЗА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА.**

ПРИЈАВИ:

Секој натпреварувач/ученик треба да биде пријавен со ПРИЈАВА за учество (дадена во прилог на ова известување) која содржи **име и презиме** на ученикот, училиште и град, **категорија и дисциплина**, како и име и презиме на наставникот/водач, заверена од училиштето или општинскиот сојуз на училишен спорт.

Секој натпреварувач/ученик настапува со членска книшка на ФУСМ или друг документ за идентификација (лична карта, пасош, ученичка книшка, број од главна книга) и валиден лекарски преглед не постар од шест месеци од денот на натпреварувањето.

ПРИЈАВИТЕ за учество да се достават по електронски пат најдоцна до **06.10.2025 год. (Понеделник) до 12.00 часот** на следнава електронска пошта: aleksandarf@yahoo.com

НЕНАВРЕМЕНИ ПРИЈАВИ И ПРИЈАВИ НА ЛИЦЕ МЕСТО НЕМА ДА СЕ ПРИМААТ!

ПРОГРАМА

Распливавање: 10:00 часот
Отворање: 10:45 часот
Почеток на натпреварот: 11:00 часот

50 м. Слободно
100 м. Слободно
50 м. Градно
100 м. Градно
50 м. Грбно
100 м. Грбно
50 м. Делфин
100 м. делфин

НАГРАДИ: Првопласираните учесници (прво, второ и трето места) добиваат медал и диплома.

Телефон за контакт: Марјан Нојковски – 078/217-076
Александар Филипчев – 078/386-236

Натпреварувачка комисија на ФУСМ
Претседател,
Милан Колев

